РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08 - 1214/1
20.04. 2018 год
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на член 61 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10 и 8/2014), а во врска со Одлуката на Совет на Општина Крива Паланка бр.09-1110/71 од 19.04.2018 година За доделување на Признание за најуспешен просветен работник на територијата на Општина Крива Паланка и Правилникот за условите, критериумите и правилата за доделување признание за најуспешен просветен работник донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка бр.09-1110/73 од 19.04.2018 година Општина Крива Паланка објавува

# КОНКУРС
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПРИЗНАНИЕ ЗА НАЈУСПЕШЕН ПРОСВЕТЕН РАБОТНИК НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА УЧЕБНА 2017/2018 ГОДИНА

Општина Крива Паланка објавува повик за доделување признание за најуспешен просветен работник за учебната 2017/2018 година.

На повикот може да се пријават сите просветни работници на територијата на Општина Крива Паланка кои ги исполнуваат следните услови:

- Општи услови
1. да применуваат иновативни наставни практики
2. за својата работа да добиваат признание од учениците , колегите, родителите и целата заедница
3. да придонесуваат за образовната работа
4. да ги подготвуваат учениците да станат активни и одговорни граѓани

- Посебни услови
1. Да е вработен во воспитно-образовна установа на територија на Општина Крива Паланка верифицирана со акт од Министерството за образование и наука од Скопје за што треба да приложи потврда од установата
2. Да имаат добиено потврди за менторство во последните 5 години на наградени ученици на општински, регионален, државен и меѓународен натпревар за предмети согласно наставните планови и програми за воспитно-образовната дејност во основно и средно образование и од истите копија да достават до Комисијата при општина Крива Паланка, а од вкупно поднесените ќе бидат бодирани само три највисоки награди. Бодирањето ќе биде на следниот начин:
   Прво место општински натпревар 3 бода
   Второ место општински натпревар 2 бода
   Трето место општински натпревар 1 бод
   Прво место регионален натпревар 6 бода
   Второ место регионален натпревар 5 бода
   Трето место регионален натпревар 4 бода
   Прво место државен натпревар 9 бода

Второ место државен натпревар 8 бода
Трето место државен натпревар 7 бода
Прво место меѓународен натпревар 12 бода
Второ место меѓународен натпревар 11 бода
Трето место меѓународен натпревар 10 бода

Дипломите од меѓународен натпревар ќе се признаваат ако претходно се поминати сите фази на натпревари на национално ниво

3. Мислење од Наставничкиот совет во училиштето во кое работи ќе се бодира со максимум 5 бода.
4. Мислење од Советот на родители од училиштетео во кое работи ќе се бодира со максимум 5 бода.
5. Сертификати за учество во реализација на проекти и семинари кои се од значење за воспитно-образовниот процес согласно наставните планови и програми за основно и средно образование, а добиени во последните 5 години од Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието и од истите да достават копија до Комисијата при општина Крива Паланка. Сертификатите ќе бидат бодирани со по 2 бода секој сертификат, а ќе се бодираат најмногу 5 сертификати.

Документите се поднесуваат до Комисијата при општина Крива Паланка во периодот од 23.04.2018 година до 04.05.2018 година

По доставување на документацијата имињата на кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно објавениот повик ќе бидат објавени на веб сајтот на www.krivapalanka.gov.mk од 07.05.2018 година до 14.05.2018 година и ќе се спроведе онлајн гласање.

Просветниот работник со најмногу онлајн гласови ќе добие вкупно 10 поени.

Најуспешниот просветен работник со најмногу поени ќе добие Признание на Свечена Академија организирана по повод 24-ти Мај ден на Сесловенските просветители браќата Св. Кирил и Методиј која ќе се одржи на 23.05.2018 година во НУ Центар за Култура со почеток во 20.00 часот.

Крива Паланка

20.04.2018 година

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Борјанчо Мицевски